РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-28
25.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувани,

Агенцијата ја разгледа Вашата Претставка (наш број УПП 03-28 од 30.10.2025 г.), во која наведувате дека радиостаниците Метрополис и Сити радио емитуваат песни што содржат вулгарни и непримерни зборови, штетни за малолетните лица и дека наместо Radio edit верзии на песните, овие две радио станици користат Explicit верзии со вулгарни и непримерни зборови.

Ве информираме дека Агенцијата упати дописи до двете радиостаници, во коишто ги извести за Претставката (во анонимизирана форма) и ги потсети на обврската, во целокупната нивна програма, вклучително и во музичкиот дел, да се грижат за заштита на малолетните лица од содржини/програми што можат сериозно да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Правилникот за заштита на малолетните лица (Пречистен текст). Песните што се емитуваат во оригиналната верзија, а што содржат вулгарен и непристоен говор, треба радиодифузерите да ги емитуваат во периоди од денот кога се очекува дека нема да ги слушаат малолетните лица, а доколку се емитуваат нивните корегирани верзии (Radio edit верзии), без вулгарен и непримерен говор, истите може да се емитуваат во текот на целото денонoќие.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**